**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**Сектор за макроекономска политика**

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**Јуни 2009 година**



**Скопје, август 2009 година**

## 1. Реален сектор

### 1.1. Индексот на индустриското производство во првата половина од 2009 година забележа намалување од 12,1% споредено со истиот период претходната година.

Во јуни индустриското производство бележи подобрување од 0,7% споредено со претходниот месец. На годишна основа (споредено со јуни 2008 година), сепак, е регистриран висок пад од 16,2%. Циклусот во кој се наоѓа индустриското производство како и високата споредбена основа се причините за ваквата појава. Притоа, сезонското влијание се исклучува како фактор на падот на производството во јуни.




Анализата на индексот на физичкиот обем на индустриското производство на годишна основа по сектори и гранки укажува дека негативните јунски резултати се должат на намалената активност во дури 18 гранки од вкупно 24 индустриски гранки. Најголемо негативно влијание врз падот на индустриското производство (6 процентни поени-п.п. од вкупниот пад од 16,2%) има намаленото производство во секторот Основни метали за 51,8%. Рударството бележи намалување од 30,8%. Пад беше регистриран особено во гранките со висока додадена вредност на готовите производи, како што е производство на други сообраќајни средства (-76,8%), производство на мебел (-50,6%) производство на машини и уреди (-45,7%), производство на електрични машини и апарати (-31,8%) и тн. Највисок раст на производството, на годишна основа, беше забележан во секторот Снабдување со електрична енергија, гас и вода, од 25,5%.




Според очекувањата на менаџерите на претпријатијата, тековната економска состојба на претпријатијата во јуни 2009 година се оценува како поповолна во однос на претходниот месец. Оценките за тековната состојба и тековните набавки на суровини и репроматеријали во јуни се подобри во однос на мај. Соодветно, стапката на искористеност на капацитетот е повисока во јуни.

Според менаџерите, најголемо влијание на ограничувањето на обемот на производството во јуни 2009 година имаат следниве фактори: недоволната странска побарувачка (23,5%), недоволната домашна побарувачка (17,1%), финансиските проблеми (13,1%) и неизвесното економско окружување (11,6%). Оценката за очекуваниот обем на производство за наредниот период е поповолна, како и оценката за бројот на вработените во наредниот период.

**Бројот на работници во индустрија во јуни 2009 година, во однос на истиот месец од лани, е намален за 6,3%.** Во секторот Вадење на руди и камен бројот на работници е намален за 10,5% на годишна основа, додека во секторот Преработувачка индустрија падот на вработеноста е 6,2%.

**1.2. Во јуни 2009 година, цените на стоките за лична потрошувачка, мерени преку индексот на трошоци на живот, се намалија за 1,7% во однос на истиот месец од претходната година**.

Падот главно се должи на намалувањето кај сообраќајните средства и услуги за 12,1%, исхрана 3%, и облека и обувки 1,2%.




Индексот на трошоците на живот во јуни 2009 година во споредба со мај 2009 година е понизок за 1,8%.

Вредноста на потрошувачката кошница за исхрана и пијалаци за четиричлено домаќинство за јуни 2009 година, пресметана врз основа на цените на мало, изнесува 11.986 денари и во однос на претходниот месец е пониска за 7,7%.

Индексот на цените на мало во јуни 2009 година забележа намалување од 2,4% во однос на јуни 2008. На месечна основа, цените на мало се пониски за 0,5%. Намалување на цените е најзначајно во групата земјоделски производи, од 14,9%.

**1.3. Во јуни 2009 година, на светските берзи забележан е пораст на цената на нафтата и на цените на најголемиот дел од металните производи.**

Во јуни, цената на нафтата на светската берза се зголеми за 18,4% во однос на претходниот месец и достигна цена од 68,62 долари за барел. Споредено со јуни претходната година, цената на нафтата е намалена за 48,4%.




Во рамки на металните производи, никелот, како производ со високо учество во македонскиот извоз, забележа месечно зголемување на цената од 18,4% и достигна цена од 14.960 долари за еден метрички тон ($/мт). Цената на бакарот во јуни забележа пораст од 9,7% во однос на мај и достигна цена од 5.014 долари за еден метрички тон ($/мт), додека цената на златото во јуни остана речиси непроменета во однос на претходниот месец. Стабилни останаа и цените на челикот и челичните лимови.

## 2. Надворешен сектор

**2.1. Во првата половина од 2009 година, вкупната надворешно-трговска размена (изразена во евра), се намали за 27,7% во однос на истиот период минатата година.**

Притоа, физичкиот обем на извозот е намален за 39,5%, а неговата вредност изнесува 892,6 милиони евра, што претставува пад од 33,8%. Намалувањето на увезената количина на стоки изнесува 30,7%, а нејзината вредност оствари износ од 1.742 милион евра, или намалување од 24%.




При вакви движења на извозот и увозот, дефицитот во размената остварен во првите шест месеци од оваа година изнесува 849,4 милиони евра, што претставува годишно намалување на негативното салдо на размената за 10% (94,5 милиони евра), при што најголем придонес има намалениот увоз на железо и челик и нивни производи. Ова резултираше со намалување на стапката на покриеност на увозот на стоки со извоз за 7,6 процентни поени во однос на истиот период од 2008 година, која изнесува 51,2%.

**2.2. Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот** во првата половина оваа година се: облека 23,4%, железо и челик 18,8%, пијалаци и тутун 7,8%, нафта и производи од нафта 6,3%, овошје и зеленчук 5,5% и метална руда и метални отпадоци 3,9%. Овие шест групи производи сочинуваат 65,7% од вкупниот извоз на државата.

Најголем дел од кумулативниот увоз на стоки во првата половина отпаѓа на: нафта и производи од нафта (190,9 мил. евра, 13,2%), текстилни предива и слично (138,8 мил. евра, 9,6%), друмски возила (108,3 мил. евра, 7,5%), железо и челик (93,4 мил. евра, 6,5%), индустриски машини и делови (66,9 мил. евра, 4,6%) телекомуникациски апарати (56,5 мил.евра, 3,9%) и друго.




**2.3.** Гледано по региони, во првото полугодие од 2009 година, учеството на размената со ЕУ во вкупната надворешно-трговска размена изнесува 53,3% (извоз на стоки 55,6% и увоз на стоки 52,1%). Извозот во ЕУ бележи значајно намалување од 38,1%, а увозот бележи побавен пад, од 15,5%, во однос на истиот период од 2008 година.

Извоз на нафта и производи од нафта*)

| | I – VI - 2008 | I – VI - 2009 | Салдо 2009-2008 | Стапки во % |
|---|---|---|---|---|
| 000Т | 176,4 | 159,3 | -17,1 | -9,7 |
| Мил. ЕУР | 101,8 | 56,4 | -45,4 | -44,6 |
| Мил.$ | 156,4 | 75,3 | -81,1 | -51,9 |

*)Претходни податоци

Увоз на нафта и производи од нафта*)

| | I – VI - 2008 | I – VI - 2009 | Салдо 2009-2008 | Стапки во % |
|---|---|---|---|---|
| 000Т | 675,0 | 694,8 | 19,8 | 2,9 |
| Мил. ЕУР | 341,6 | 190,9 | -150,7 | -44,1 |
| Мил.$ | 522,1 | 253,4 | -268,7 | -51,5 |

*)Претходни податоци

Извоз на железо и челик *)

| | I - VI - 2008 | I - VI - 2009 | Салдо 2009-2008 | Стапки во % |
|---|---|---|---|---|
| 000Т | 578,8 | 282,4 | -296,4 | -51,2 |
| Мил. ЕУР | 461,6 | 167,8 | -293,8 | -63,6 |
| Мил.$ | 708,5 | 223,4 | -485,1 | -68,5 |

*)Претходни податоци

Увоз на железо и челик*)

| | I - VI - 2008 | I - VI - 2009 | Салдо 2009-2008 | Стапки во % |
|---|---|---|---|---|
| 000Т | 528,3 | 234,2 | -294,1 | -55,7 |
| Мил. ЕУР | 269,9 | 93,4 | -176,5 | -65,4 |
| Мил.$ | 415,8 | 124,2 | -291,6 | -70,1 |

*)Претходни податоци

Во анализираниот период, 74,2% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во трговската размена со Русија, Кина, Турција, Италија, Словенија, Швајцарија, Грција, Полска и Австрија.

**2.4.** Гледано по валутна структура, 78,3% од надворешно-трговската размена во периодот јануари-јуни 2009 година е реализирана во евра, и во однос на истиот период минатата година претставува пораст од 4,7 п.п. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 83,7% и 75,5%, соодветно и споредено со првото полугодие лани претставува пораст од 6,5 п.п. кај извозот, а кај увозот овој пораст изнесува 4,1 п.п.

**НАДВОРЕШНО-ТРГОВСКА РАЗМЕНА на Република Македонија (по валути ); пресметка: МФ**

**- по валути -**

| ИЗВОЗ | I-VI 2008 | | | | | I-VI 2009 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во %) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 т | извоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | извоз во денари | структ. во % | колич. 000 т | извоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | извоз во денари | структ. во % | | |
| EUR | 1.584 | 1.042.688.882 | 61,2744 | 63.890.135.631 | 77,2 | 1.079 | 748.076.795 | 61,3732 | 45.911.896.678 | 83,7 | -294.612.087 | -28,3 |
| USD | 314 | 460.481.049 | 40,0685 | 18.450.784.912 | 22,3 | 282 | 185.868.798 | 46,0728 | 8.563.495.956 | 15,6 | -274.612.251 | -59,6 |
| EUR+USD | 1.898 | | | 82.340.920.543 | 99,5 | 1.361 | | | 54.475.392.634 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 1.903 | | | 82.728.058.071 | 100,0 | 1.364 | | | 54.824.433.595 | 100,0 | | -33,7 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

## 3. Фискален сектор

**3.1. Во првото полугодие од 2009 година, вкупните приходи на Централниот буџет изнесуваат 38.955 милиони денари (9,5% од проценетиот БДП), што претставува помало остварување за 5,3% во однос на истиот период минатата година.**

Даночните приходи во овој период се реализирани во износ од 33.232 милиони денари, што претставува помало остварување за 11,9% во однос на истиот период минатата година.




Учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во првите шест месеци од 2009 година е доминантно и изнесува 48,1%, а на акцизите 19,4%, при што, од овие два даноци се остварени приходи од 22.435 милиони денари, односно 67,5% (или 2/3) од вкупните даночни приходи. Гледано по одделни категории, остварено е намалување на приходите од ДДВ за 11,2%, данокот на добивка за 46,7% (ова намалување делумно е резултат на изменета регулатива - од почетокот на 2009 година не се плаќа данок на нераспределена добивка), приходите од царина за 12,5%, додека зголемување е остварено кај акцизите за 1,5% и кај персоналниот данок за 0,4% споредено со истиот период лани. Неданочните приходи се зголемени за 83,6% во однос на истиот период минатата година, поради исплатената дивиденда од Телеком во мај во износ од 2.383 милиони денари.

**3.2. Во овој период од 2009 година, вкупните расходи на Централниот буџет изнесуваат 44.566 милиони денари (10,9% од проценетиот БДП), што е повеќе за 23,6% во однос на истиот период од 2008 година.**

Во структурата на реализираните вкупни расходи тековните расходи (39.368 милиони денари) учествуваат со 88,3% и се поголеми за 23,8% во однос на истиот период лани, додека капиталните расходи забележуваат учество од 11,7%.

Најголеми расходни ставки се трансферите (22.338 милиони денари), а втори по големина се платите и надоместоците (10.453 милиони денари). Во вкупните расходи на Централниот буџет, расходите за плати и надоместоци во овој месец учествуваат со 23,4% и во однос на истиот период лани се зголемени за 10,5%.

Расходите за стоки и услуги се извршени во износ од 5.533 милиони денари, односно имаат поголемо остварување во споредба со 2008 година за 14,1%.

Во делот на трансферите, во овој период се потрошени 36,0% повеќе средства (5.909 милиони денари) споредено со истиот период 2008 година и претставуваат најголема расходна ставка, односно учествуваат со 50,1% во вкупните расходи. Ваквото остварување се должи во дел и на фактот дека во дотациите до единиците за локална самоуправа се трансферира дел од данокот на додадена вредност, а се зголемува и бројот на единици за локална самоуправа кои преминаа во втората фаза на децентрализација, при што се исплаќаат блок дотациите на 68 општини за финансирање на пренесените надлежности (средствата за исплата на плати и надоместоци на вработените во локалните јавни установи и материјалните трошоци). Исто така, значаен дел од средствата за трансфери се наменети за субвенции во земјоделството. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување се извршени во износ од 7.282 милиони денари или за 2.396 милиони денари повеќе (49,0% зголемување). Каматите се реализирани во износ од 1.044 милиони денари, што е помалку за 1,6% во споредба со истиот период 2008 година.

Во анализираниот период средствата за капитални расходи изнесуваат 5.198 милиони денари, што претставува зголемување од 21,9% во споредба со истиот период 2008 година и претставуваат 1,3% од БДП.

**3.3. Оттука во периодот јануари- јуни 2009 година остварен е дефицит на Централниот Буџет од 5.611 милиони денари (1,4% од БДП), додека дефицитот на Консолидираниот буџет изнесува 5.527 милиони денари (со ист процент на учество во БДП, односно 1,4%).**

## 4. Јавен долг

**4.1. Намалување на вкупниот јавен долг** – Вкупниот јавен долг на Република Македонија на крајот на јуни изнесува 1751,0 милиони евра, што претставува 26,4% во однос на бруто домашниот производ (во натамошниот текст: БДП). Надворешниот јавен долг изнесува 1.117,8 милиони евра, додека внатрешниот јавен долг изнесува 633,2 милиони евра, што претставува намалување за 121,3 милиони евра во однос на крајот на 2008 година. Намалувањето на вкупниот јавен долг во однос на крајот на 2008 година е детеминирано главно од намалувањето на домашниот долг, кој од своја страна се должи на намалениот обем на емитување на благајнички записи од страна на Народна банка на Република Македонија (НБРМ), како и редовното сервисирање на структурните обврзници.

Државниот долг се зголеми во првото полугодие од 2009 за 8,5 милиони евра и на крајот на јуни 2008 година изнесува 1.397,6 милиони евра, односно 21,1% во однос на БДП, што е во рамките на Мастришкиот критериум според кој долгот на општа влада не смее да надминува 60% од БДП.

**4.2. Емисија на континуирани државни хартии од вредност –** Врз основа на Одлуката за видот и карактеристиките на државните хартии од вредност (понатаму: ДХВ) во 2009 година кои во името на Владата на Република Македонија ги издава Министерството за финансии, во текот на првото полугодие од 2009 година беа издадени следните емисии на краткорочни државни хартии од вредност: четири емисии на 1-месечни државни записи, четиринаесет емисии на 3-месечни државни записи и две повторни отворања на аукции, шест емисии на 6-месечни државни записи како и три емисии на 12-месечни државни записи. Покрај емисија на краткорочни државни хартии од вредност, во првото полугодие од 2009 година беше издадена и една емисија на 2 годишни државни обврзници.

Вкупниот износ кој беше понуден на аукциите на државните хартии од вредност во првото полугодие од 2009 година изнесуваше 32,7 милјарди денари, односно пооделно по рочности вкупниот износ кој беше понуден беше дистрибуиран на следниот начин: кај 1-месечните државни записи беше понуден износ од 6,8 милјарди денари, кај 3-месечните државни записи 21,55 милјарди денари, кај 6-месечните 2,2 милјарди денари, кај 12-месечните 1,9 милјарди денари, и кај 2-годишните државни обврзници 0,25 милјарди денари. Вкупната реализација на аукциите во истиот период изнесуваше 18,52 милјарди денари.

По однос на движењето на каматните стапки на државните хартии од вредност, во текот на првото полугодие од 2009 година се забележува континуирано зголемување на каматните стапки кај сите рочности. Имено, каматните стапки на 3-месечните ДХВ се зголемени за 1,89 процентени поени, односно на првата аукција во јануари беше постигната каматна стапка од 7,54%, додека на последната аукцина на 3-месечни државни записи во јуни беше остварена каматна стапка од 9,43%. Кај 6-месечните државни записи каматните стапки се зголемија за 1,73 процентни поени, односно каматната стапка постигната на аукцијата во јануари изнесуваше 7,26%, додека на аукцијата на 6-месечни државни записи во месец јуни истата изнесуваше 8,99%. Во анализираниот период каматната сапка на 12-месечни државни записи остана непроменета и истата изнесуваше 7,00%. Трендот на континуирано зголемување на каматните стапки беше забележан и кај долгорочните хартии од вредност, така што купонската каматна стапка на единствената аукција на две годишните државни обврзници која се одржи во првото полугодие од 2009 година се зголеми за 0,25 процентни поени и истата изнесуваше 8,50%.

Во текот на првото полугодие од 2009 година, на секундарниот пазар на државни хартии, односно на пазарот преку шалтер се реализираа вкупно 24 трансакции со ДХВ. Во анализираниот период се реализирани вкупно 22 трансакции со државните записи, при што е истргуван вкупен номинален износ од 284.130.000,00 денари со просечна цена од 98,2476 и просечен принос до достасување од 8,02%, додека во истиот период се реализирани само две трансакции со државни обврзници во вкупен износ од 2.100.000,00 денари и просечен принос од 7,975%.

**4.3. Државни хартии од вредност со девизна клаузула (евро клаузула) -** Од јуни 2009 година, Министерството за финансии воведе и државни хартии со вредност со девизна клаузула. Воведувањето на овој финансиски инструмент беше со цел подобро да се одговори на потребите на потенцијалните

инвеститори на пазарот на ДХВ. Во анализираниот период се одржаа три аукции на државни записи со девизна клаузула.

Во текот на првото полугодие од 2009 година беа издадени две емисии на државни хартии од вредност со девизна клаузула, односно една емисија на 3-месечни државни записи и една емисија на 12-месечни државни записи. Во истиот период се реализираше и повторно отворање (Reopening) на претходно издадените 12-месечни државни записи со девизна клаузула.

**4.4. Емисија на Еврообврзница -** На 30 јуни 2009 година, Министерството за финансии во име на Република Македонија изврши успешна емисија на еврообврзница на меѓународниот пазар на капитал во износ од 175 милиони евра. Рокот на кој е издадена еврообврзница е 3,5 години, односно истата ќе достаса во јануари 2013 година. Купонската каматна стапка која беше постигната изнесува 9,875% годишно.

Оваа хартија од вредност од страна на рејтинг агенциите за кредитен рејтинг Standard & Poor's и Fitch беше оценета со BB+ и BB, соодветно. За големиот интерес за купување на оваа еврообврзницата говори и фактот што побарувачката беше поголема од понудениот износ дефиниран во проспектот за издавање за 48,6 милиони евра, а инвеститорската база е географски дисперзирана по целиот европски континент и пошироко и ја сочинуваат инвеститори од Велика Британија (59,9%), Швајцарија (11,3), Бразил (8,6%), Австрија (6,9%), Данска (5,1%), Германија (3,1%), Грција (2,9%), Бенелукс (1,5%), и други земји (0,7%). Главните купувачи се друштва за управување со средства (35,8%), пензиски фондови (22,9%), инвестициски фондови (18,6%), приватни банки (10,8%), банки (7,6%), осигурителни фондови (3,4%), и други (0,9%).

**4.5. Структурни обврзници –** Врз основа на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација („Службен весник на Република Македонија" број 37/2002, 89/2008) и Одлуката за Осмата емисија на обврзници за денационализација ("Службен весник на РМ"бр.42 од 26.03.2009 година), на 6 април 2009 година беше емитувана осмата обврзница за денационализација која според проспектот изнесуваше 23 милиони ЕУР (согласно со издадениот проспект). Условите под кои е издадена оваа обврзница се идентични како и за првите седум емисии, односно рок на достасување 10 години со фиксна годишна каматна стапка од 2%. Првата рата за оваа обврзница достасува на 01.06.2010 година.

**4.6.Одобрени нови задолжувања –** во првите шест месеци од 2009 Министерството за финансии издаде државна гаранција за задолжување на Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, за финансирање на Проектот за мали и средни претпријатија, во износ од 100.000.000,00 евра обезбеден од страна на Европската инвестициона банка.

**4.7.** Во првото полугодие на 2009 година е постигнато подобрување на карактеристиките на **портфолиото на јавниот долг**, а со тоа и остварување на зацртаните таргети во Стратегијата за управување со јавен долг (2009-2011 година).

## 5. Монетарен сектор

**5.1. Во јуни 2009 година примарните пари[1] забележаа пад од 4,7% на годишна основа (наспроти порастот од 0,6% во мај) во услови на пад на**

[1] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек, готовината во благајна и сметките на банките вклучително задолжителната резерва на девизните депозити

**вкупните ликвидни средства на банките, од 0,9%, и намалена побарувачка на готовите пари во оптек за 8,8%.**

На месечна основа, примарните пари забележаа пораст од 4,9%, што се должи на порастот на вкупните ликвидни средства на банките од 11,1%, додека побарувачката за готови пари бележи пад од 1,9%.

Во јуни 2009 година, во услови на тендер на износи, каматната стапка на благајничките записи е иста како во мај и изнесува 9%.

Каматните стапки на државните хартии од вредност изнесуваа: 9,3% за три месечните државни записи и 8,99% за шест месечните државни обврзници.




Беа одржани вкупно 3 аукции, во услови на тендер со каматни стапки за тримесечните и шестмесечните државни обврзници и тоа: две аукции за тримесечните државни записи и една аукција за шест месечните државни записи.

**5.2. Вкупниот депозитен потенцијал на недржавниот сектор[2] во јуни продолжува да се намалува и бележи пораст од само 2,1% на годишна основа, наспроти 2,9% во мај. На месечна основа вкупните депозити регистрираат благ пораст од 0,8% како резултат на порастот и на денарските и на девизните депозити.**

Во јуни 2009 година, наспроти падот од минатиот месец, денарските депозити бележат пораст од 0,7% на месечно ниво, додека девизните депозити остварија раст од 0,8%. На годишно ниво денарските депозити забележаа пад од 12,1%, додека девизните депозити остварија пораст од 19,5%.[3]

Од аспект на секторската структура депозитите на корпоративниот сектор бележат пораст од 0,6% на месечно ниво, додека заштедите на населението се повисоки за 0,8%. Во однос на минатата година депозитите на населението се повисоки за 10,7%, додека депозитите на претпријатијата се пониски за 22,2%.

**5.3. Во јуни 2009 година продолжува трендот на намалување на растот односно негативен раст на кредитите кон приватниот сектор. Месечниот пад на кредитите од 0,6% произлегува главно од падот на кредитите на претпријатијата. Во однос на минатата година кредитниот раст и понатаму бележи забавување и изнесува само 14,3%.**

Месечниот пад на кредитите на претпријатијата во јуни изнесува 1,1% (наспроти 0,7% во мај), а кредитите на населението регистрираа раст од 0,2% (наспроти растот од 0,4% во мај). На годишна основа, пласманите кон населението и претпријатијата се зголемија за 16,3% и 12,9%, соодветно.

Од аспект на валутата, денарските кредити (кои ги вклучуваат и кредитите со валутна клаузула) со пораст од 15,5% на годишно ниво продолжуваат да регистрираат забавување на динамиката. Девизните кредити бележат забавен

[2] Вкупниот депозитен потенцијал ги вклучува немонетарните и квази депозитите

[3] Почнувајќи од јануари 2009 година депозитите вклучуваат пресметана камата

пораст од 10,4% на годишна основа. Во однос на мај денарските пласмани се пониски за 0,3%, додека девизните кредити бележат пад од 1,7%.

**5.4. Во јуни 2009 година просечната пондерирана каматна стапка на денарските кредити** е на истото ниво од минатиот месец и изнесува **10,1%.** Просечната каматна стапка на девизните кредити е повисока за 0,2 п.п. од стапката во мај и изнесува 7,7%. Во однос на минатата година се забележува затегнување на каматните услови на банките, односно просечната каматна стапка на денарските кредити оствари раст од 0,5 п.п. Од друга страна, каматната стапка на девизните кредити бележи намалување од 0,5 п.п. на годишна основа.

Пасивната каматна стапка на денарските депозити во јуни 2009 година е непроменета на месечно ниво и изнесува 6,8%, додека на годишна основа истата бележи зголемување од 1,0 п.п. Просечната каматна стапка на девизните депозити е повисока за 0,3 п.п. во однос на мај и изнесува 3,5%, а на годишна основа бележи пораст од 1,2 п.п.

Притоа, големите банки имаат најниска пондерирана активна каматна стапка и тоа 9,7% за денарски и 7,2% за девизни кредити.

**5.5. Бруто девизните резерви во јуни 2009 година изнесуваат 1.201,6 милиони евра и во однос на декември 2008 година оствариja пад од 19,5% (291,3 милиони евра). Сепак, на месечно ниво се забележува пораст на девизните резерви за 3,2% или 36,8 милиони евра, во услови на нето откуп на девизниот пазар од 20 милиони евра.** НБРМ преку девизните трансакции вршеше креирање на ликвидни средства.

## 6. Социјален сектор

**6.1. Во периодот јануари-јуни 2009 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија се регистрирани вкупно 117.584 засновани нови работни односи. Од вкупниот број нововработени 43,3% се однесуваат на неопределено време, додека останатиот дел се однесуваат на определено време и вршење сезонски работи. Споредено со истиот период од минатата година се забележува зголемување на бројот на засновани нови работни односи за 13,1%.**




Само во текот на месец јуни засновани се 19.772 нови работни односи, од кои 27,3% се од евиденцијата на невработени. Одливот на лица од регистарот на Агенцијата за вработување на Република Македонија во јуни изнесува 8.966, од кои 57,5% претставуваат нови засновани работни односи. Како прилив во Агенцијата се регистрирани 7.525 лица, од кои 51,5% се лица на кои им престанал работниот однос. **Резултатот е намалување на невработеноста за 1.441 лице, односно за 0,4% во однос на претходниот месец. Така, во јуни 2009 година бројот на невработени лица изнесува 347.622.**

Од вкупниот број евидентирани невработени лица, 70.179 лице (20,2%) се изјасниле дека се пријавуваат само заради остварување на правото на

здравствено осигурување, додека останатиот дел активно бараат работа. Споредено со истиот месец од минатата година, бројот на невработени лица е намален за 0,2%.

Најголем дел од невработените, односно 66% се од урбани средини (градско население), додека 57,8% се мажи. Анализирано според степенот на образование поголемиот дел, односно 52,9% од невработените се неквалификувани или полуквалификувани, додека само 7,3% имаат вишо или повисоко ниво на образование. Гледано според возрасните групи, најголемиот дел или 59,7% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 50,1% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 29,8% чекаат вработување 8 и повеќе години.

**6.2. Во јуни 2009 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 272.717 пензионери, што претставува годишно зголемување од 0,02%. Бројот на корисници на пензија е зголемен за 387 лица во однос на претходниот месец.**




За исплата на пензии во месец јуни се потрошени 2.651,39 милиони денари, што претставува 49,7% од вкупните социјални трансфери во владиниот Буџет.

Во јуни 2009 година вредноста на просечната пензија изнесуваше 9.875 денари, што на годишно ниво претставува зголемување од 11,3%. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во мај 2009 година (последни расположиви податоци) изнесуваше 49,1%.

**6.3. Просечната месечна нето плата во периодот јануари-мај 2009 година (последни расположиви податоци) споредена со истиот период од 2008 година бележи номинален раст од 27,8%, додека реално просечната плата е повисока за 27,2%.**




Во мај 2009 година просечната нето плата по вработен изнесуваше 20.112 денари, што на годишна основа претставува номинален раст од 27,9%, додека реалниот раст изнесува 27,4%. Процентот на вработени кои не примиле плата во мај 2009 година изнесува 3,8%, што е за 5,2% помалку во споредба со истиот период од претходната година.